**Општина Прилеп**
# Локална самоуправа
**Municipality of Prilep**
Local government

**Прилеп, 20.06.2024 год.**
**Наш број: 10-629/3**

Врз основа на член 44 став (7) и член 62 став (3) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ број 32/20 и 111/23), а постапувајќи по Предлог заклучок за одобрување на **Предлог проектна програма за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура за електричен кабел од 10(20)kV, во КО Старо Лагово, КО Селце и КО Прилеп, од новопланирана трафостаница на фотоволтажна централа на КП 1925 КО Селце, до новопланирана трафостаница на КП 4/5, КО Волково, во Општина Прилеп,** со тех.бр. 04-02/24 од април 2024 год. изработена од Чип гроуп ДООЕЛ Скопје, Градоначалникот на Општина Прилеп, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ ОДОБРУВА** Предлог проектна програма за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура за електричен кабел од 10(20)kV, во КО Старо Лагово, КО Селце и КО Прилеп, од новопланирана трафостаница на фотоволтажна централа на КП 1925 КО Селце, до новопланирана трафостаница на КП 4/5, КО Волково, во Општина Прилеп, со тех.бр. 04-02/24 од април 2024 год. изработена од Чип гроуп ДООЕЛ Скопје, аплицирана во информациски систем е-урбанизам во делот на постапките ПП со број 59628.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на поднесено Барање за одобрување на **Предлог проектна програма за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура за електричен кабел од 10(20)kV, во КО Старо Лагово, КО Селце и КО Прилеп, од новопланирана трафостаница на фотоволтажна централа на КП 1925 КО Селце, до новопланирана трафостаница на КП 4/5, КО Волково, во Општина Прилеп,** со тех.бр. 04-02/24 од април 2024 год. изработена од Чип гроуп ДООЕЛ Скопје**,** заверено под број 10-629/1 од 2024 година во информациски систем е-урбанизам во делот на постапките ПП (2020) беше аплицирана постапка за одобрување на проектна програма заведена под број 59628.

Кон барањето беа приложени документи за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура за електричен кабел од 10(20)kV, во КО Старо Лагово, КО Селце и КО Прилеп, од новопланирана трафостаница на фотоволтажна централа на КП 1925 КО Селце, до новопланирана трафостаница на КП 4/5, КО Волково, во Општина Прилеп, со тех.бр. 04-02/24 од април 2024 год. изработена од Чип гроуп ДООЕЛ СкопјеКомисијата за урбанизам постапувајќи по барањето и разгледувајќи ја приложената документација до градоначалникот на Општина Прилеп достави Предлог – заклучок за одобрување на Предлог проектна програма за изработка


**Општина Прилеп**
**ул:„Прилепски бранители“ бб Прилеп,**
**телефон: (0) 48 401- 701 ● факс: (0) 48 426-430**
**e-mail: prilep@prilep.gov.mk** ● web www.prilep.gov.mk

на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура за електричен кабел од 10(20)kV, во КО Старо Лагово, КО Селце и КО Прилеп, од новопланирана трафостаница на фотоволтажна централа на КП 1925 КО Селце, до новопланирана трафостаница на КП 4/5, КО Волково, во Општина Прилеп, со тех.бр. 04-02/24 од април 2024 год. изработена од Чип гроуп ДООЕЛ Скопје. Врз основа на претходно наведеното како и по извршениот увид во приложената документација, Градоначалникот на општина Прилеп утврди дека се исполнети условите за одобрување на Проектната програма односно истата е изработена согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ број 32/20 и 111/23) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ број 225/20, 219/21, 104/2022 и 99/23).

Правна поука: Против ова решение незадоволната страна може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение, преку овој орган до министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот. Жалбата се таксира со 250 денари административни такси

---

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Борче Јовчески**

Borche Jovcheski

Digitally signed by Borche Jovcheski
Date: 2024.06.20 11:28:46 +02'00'


**Општина Прилеп**
**ул:„Прилепски бранители“ бб Прилеп,**
**телефон: (0) 48 401- 701 ● факс: (0) 48 426-430**
**e-mail: prilep@prilep.gov.mk** ● web www.prilep.gov.mk